**· ВИЗУЕЛЕН ученик — „Го гледам за да го разберам”**

**Што тоа значи**

Најдобро учиш кога информациите се прикажани преку слики, дијаграми, бои, табели, видеа или други визуелни форми. Ги обработуваш информациите преку јасно **гледање** и визуелно организирање на идеите.

**Како ова ти помага на училиште**

- Побрзо разбираш сложени идеи преку дијаграми и визуелни примери..
- Ефикасно учиш со умствени мапи, кодирање со бои, картички за учење, постери и илустрации.
- Визуелниот ред ти помага да останеш фокусиран/фокусирана и организиран/организирана.

**Како ова го поддржува планирањето на твојата кариера**

Визуелните ученици често силно се поврзуваат со:

- Кариерни мапи, дијаграми на сектори, патеки на професии
- Дигитални портфолија и визуелни шаблони за CV
- Визуелни табли (vision boards) за идни цели
- Слики за индустрии и вештини

Овие алатки ти помагаат јасно да замислиш:

- Како изгледаат професиите,
- Како се поврзуваат улогите,
- Кои вештини ти се потребни,
- И кои чекори треба да ги преземеш понатаму.

**Можни професионални силни страни и идни насоки**

Визуелните ученици често уживаат во професии што вклучуваат креативност, организација или просторно размислување:

· Дизајн и креативни области
Архитектура • Графички дизајн • Анимација • UX/UI дизајн • Фотографија

· Податоци и анализа
Истражување • Визуелизација на податоци • Маркетинг аналитика

· Образование и комуникација
Креирање наставни материјали • Визуелни наставни стратегии

· Технички области
Инженерство • Компјутерско моделирање • Научна илустрација

**Како да ја искористиш оваа сила за твојата иднина**

- Направи визуелна табла за кариера (Career Vision Board) за следните 5–10 години.
- Користи визуелни алатки (табели, видеа, мапи) кога споредуваш образовни насоки.
- Изгради дигитално портфолио за да ги следиш твоите таленти и достигнувања.
- Користи визуелни платформи за работни места за истражување на кариери.

---

**· АУДИТИВЕН ученик — „Учам преку звук и разговор”**

**Што тоа значи**

Најдобро учиш преку слушање, зборување и дискусија. Подобро ги паметиш информациите кога ги слушаш или кога ќе ги продискутираш.

**Како ова ти помага на училиште**

- Имаш корист од гласно објаснување на идеите.
- Уживаш во дискусии на час, дебати и презентации.
- Брзо ги разбираш усните упатства.
- Лесно учиш вокабулар, приказни и теории.

**Како ова го поддржува планирањето на твојата кариера**

<u>Аудитивните ученици најдобро учат преку:</u>

- Интервјуа со професионалци
- Снимени приказни за професии или подкасти
- Дискусии на час за идни кариерни насоки
- Гласно објаснување на идеи за појаснување на изборите

Разговорот за твоите мисли ти помага да:

- Размислиш за сопствените силни страни и интереси,
- Ги разбереш работните искуства од реални професионалци,
- Донесуваш посамоуверени одлуки,
- И да ги надминеш сомнежите преку разговор.

**Можни професионални силни страни и идни насоки**

Аудитивните ученици се успешни во професии со силен фокус на комуникација или работа со луѓе:

· Комуникација и јазици
Новинарство • Настава • Советување • Јавно говорење

· Изведувачки уметности
Музика • Театар • Радио и ТВ

· Социјални и тимски области
Човечки ресурси • Корисничка поддршка • Продажба • Право

· Лидерство и застапување
Координација на проекти • Работа во заедница • Младинска работа

**Како да ја искористиш оваа сила за твојата иднина**

- Снимај гласовни белешки за идеи за професии или предмети што ти се допаѓаат.
- Вклучи се во училишни говори, вебинари и кариерни интервјуа.
- Разговарај со возрасни за нивната работа и за твоите цели..
- Слушај подкасти за идни професии за инспирација.

---

**· КИНЕСТЕТИЧКИ ученик — „Учам преку правење и движење"**

**Што тоа значи**

Најдобро учиш преку практични искуства, движење, експерименти и реална примена.
Најдобро ги разбираш поимите кога лично ги *доживуваш*.

**Како ова ти помага на училиште**

- Се истакнуваш во активности каде што можеш да создаваш, градиш или глумиш.
- Најдобро разбираш за време на експерименти, играње улоги или демонстрации.
- Уживаш во динамични и активни часови.
- Брзо учиш преку *обидување*, наместо со читање или слушање.

**Како ова го поддржува планирањето на твојата кариера**

<u>За кинестетичките ученици, најефективни алатки за насочување се:</u>

- Играње улоги (интервјуа за работа, ситуации од работното место)
- Практични задачи (градење, изработка, дизајнирање)
- Кариерни симулации
- Измислување професија на иднината
- Испробување задачи од различни сектори

<u>Овие искуства ти помагаат да разбереш:</u>

- Кои типови задачи ти даваат енергија,
- Кои работни средини најмногу ти одговараат,
- И кои вештини уживаш да ги применуваш.

**Можни професионални силни страни и идни насоки**

Кинестетичките ученици напредуваат во улоги што вклучуваат движење, создавање или практична работа во реалниот свет:

· Технички и практични професии
Механичари • Електричари • Техничари • Инженери • Готвачи

· Здравство и грижа
Медицински сестри • Физикална терапија • Итна помош

· Активни професии на отворено
Земјоделство • Туризам • Спортски тренинг • Заштита на природата

· Креативни и изведувачки уметности
Драма • Танц • Занаети • Градежништво

**Како да ја искористиш оваа сила за твојата иднина**

- Испробај *job shadowing* или кратки практикантски програми.
- Тестирај различни задачи за да видиш што најмногу ти одговара.
- Избирај активности што вклучуваат градење, движење или експериментирање.

---

**· СОЦИЈАЛЕН ученик — „Учам со луѓе"**

**Што тоа значи**

Најдобро учиш преку интеракција, тимска работа, дискусија и соработка. Споделувањето идеи ти помага подлабоко да ги разбереш.

**Како ова ти помага на училиште**

- Уживаш во групна работа и тимски предизвици.
- Најдобро учиш кога ги споделуваш идеите со други.
- Ги разбираш поимите преку подучување или помагање на соученици.
- Се чувствуваш мотивирано и енергично во интерактивна, жива училница.

**Како ова го поддржува планирањето на твојата кариера**

Социјалните ученици имаат корист од:

- Вежби за групно донесување одлуки
- Дискусии со врсници за идни професии
- Играње улоги на различни работни позиции
- Тимски проекти фокусирани на сектори или вештини

Разговорот со други ти помага да:

- Истражуваш нови идеи за иднината
- Изградиш самодоверба
- Добиеш поддршка при донесување одлуки
- Разбереш каков тип на социјална средина најмногу ти одговара

**Можни професионални силни страни и идни насоки**

Социјалните ученици се истакнуваат во улоги што вклучуваат комуникација, тимска работа и градење односи:

· Професии насочени кон луѓе
Настава • Младинска работа • Психологија • Социјална работа

· Бизнис и лидерство
Менаџмент • Претприемништво • Човечки ресурси

· Колаборативни STEM области
Лабораториски тимови • Истражувачки групи • Медицински тимови

· Јавни улоги
Туристички водич • Организација на настани • Корисничка поддршка

**Како да ја искористиш оваа сила за твојата иднина**

- Споделувај ги твоите кариерни цели со соученици или возрасни.
- Учествувај во кариерни активности засновани на тимска работа.
- Прашувај професионалци.
- Размислувај за работни средини каде што луѓето соработуваат.

---

**· САМОСТОЕН (НЕЗАВИСЕН) ученик — „Учам преку размислување и фокусирање"**

**Што тоа значи**

Најдобро учиш преку читање, пишување, размислување и тивка работа со сопствено темпо. Уживаш во длабоко размислување и во создавање лично значење од она што го учиш.

**Како ова ти помага на училиште**

- Добро се концентрираш во мирна средина.
- Уживаш во лични проекти и самостојно истражување.
- Јасно и прецизно се изразуваш во пишана форма.
- Сакаш прво да ги разработиш идеите, па дури потоа да ги споделиш.

**Како ова го поддржува планирањето на твојата кариера**

<u>Самостојните ученици имаат корист од:</u>

- Водење дневник за сопствените силни страни и цели

- Работни листови за поставување цели (SMART цели, 10-годишен план)
- Тивко истражување платформи и ресурси
- Споредување професии со помош на табели и лични белешки

Најсилни одлуки носиш кога имаш време да размислиш.

**Можни професионални силни страни и идни насоки**

Самостојните (независни) ученици често напредуваат во улоги што бараат фокус, анализа и автономија:

· Дигитални и технолошки кариери
Кодирање • Програмирање • ИТ поддршка • Анализа на податоци

· Академски и истражувачки области
Наука • Пишување • Историја • Психологија

· Креативна работа што се извршува индивидуално
Графички дизајн • Илустрација • Уредување • Уметност

· Структурирани или професии со фокус на детали
Сметководство • Архитектура • Библиотекарство • Лабораториска работа

**Како да ја искористиш оваа сила за твојата иднина**

- Води кариерен дневник во кој ќе ги истражуваш твоите интереси и цели.
- Избирај образовни насоки што овозможуваат лични проекти.
- Редовно размислувај за тоа каква работна средина најмногу ти одговара.